**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ ПРОФЕСОР** ЗА ПРЕДМЕТИТЕ “КОРПОРАТИВНИ ФИНАНСИИ”, “ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ И ИНСТИТУЦИИ“, “ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ПОРТФОЛИО АНАЛИЗИ“ И “БАНКАРСТВО“ **ВО ВСШ’’ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА’’ - СКОПЈЕ**

Со Одлука од 20.05.2011 год. донесена на седница на Наставничкиот совет на ВСШ „Факултет за бизнис економија“, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на професор за наставна област финансии на ВСШ „Факултет за бизнис економија“.
Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Време“, на 21/04/.2011 год., и во предвидениот рок се пријави кандидатот, д-р Благоја Наневски за следните предмети: “КОРПОРАТИВНИ ФИНАНСИИ”, “ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ И ИНСТИТУЦИИ“, “ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ПОРТФОЛИО АНЛИЗИ“ И “БАНКАРСТВО“.

Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатот, чест ни е на Наставничкиот совет на ВСШ’’Факултет за бизнис економија’’да му го поднесеме следниот извештај:

**1. Биографски податоци**

Д-р Благоја Наневски е роден на 25.03.1944 година, во Загоричани, Костур, Грција. Основното образование го стекнал во Романија, Грција и во Скопје, Средно економско училиште завршил во Скопје, а дипломирал на Економскиот факултет-Скопје во 1967 година. По дипломирањето, кратко време работел во надворешно-трговското претпријатие “Интер-Импекс“ Скопје и во Народната и универзитетска библиотека-Скопје. Од Септември 1971 година до 18.03.2008 година работел во Економскиот институт-Скопје, а од 19.03.2008 година работи во “Факултетот за бизнис економија Скопје“ (ФБЕ).
Последипломски студии по “Монетарна економија“ завршил во 1974 година во Економскиот факултет-Скопје, а на истиот факултет докторирал во 1982 година. Научноистражувачката и образвнната дејност ја остварува во најголем дел во областа на финансиите. Учествувал на голем број на научни конференции во земјата и странство со реферати и дискусии. Има изработено и објавено преку 200 трудови.
Благоја Наневски е специјализиран во областа на финансиите, а посебно во деловните финансии и банкарството. Најважните подрачја на ангажирање во научноистрачувачката и наставната активност се од областа на финансиите, банкарството, монетарните финансии, финансискиот менаџмент, корпоративните финансии, проценката на претпријатија, изработката на анализи на работењето и на финансиската состојба на претпријатија, финансиското предвидување и други. Наставната активност ја остварува на додипломски и последипломските студии, докторати, како и на обуки и тренинзи.
Во текот на работата во Економскиот институт-Скопје бил избран во сите знаења од асистент до научен советник (редовен професор). Во звањето научен советник е избран

во 1988 година, а реизбран е во 1994 година (Билтени на УКИМ број 498/01.03.1988 и број 619/15.04.1994).
Во Економскиот институт-Скопје бил раководител на последипломските студии по “Финансиски менаџмент“, а учествувал како наставник и во другите последипломски програми на Институтот и тоа во предмети од областа на финансиите. Како хонорарен наставник во звањето редовен професор, работел две учебни години во Универзитетот на Југоисточна Европа-Тетово и еден семестар на Универзитетот ФОН Скопје, исто така, во предмети од областа на финансиите.
По стапувањето на работа во ФБЕ изведува настава по предметите “Корпоративни финансии“, “Финансиски пазари и институции“, “Меѓународни деловни финансии“ и “Анализа и портфолио менаџмент на ХВ“. Во ФБЕ е раководител на последипломските студии по “Финансиски менаџмент“.

Повеќе пати бил ментор и член на комисии за оцена и одбрана на докторски дисертации и на магистерски трудови.

## 2. **Научноистражувачка и наставна активност**

### 2.1. Научноистражувачка активност

Д-р Благоја Наневски има учествувано во изработката на преку 200 трудови и проекти како раководител на тим и непосреден извршител, учствувал на повеќе научни собири во земјата и странство, а има објавено и бројни трудови.

*а) Избор на проекти и трудови во земјата и во домашни публикации изработени по 2000 година*

- Стратегија за вклучување на Република Македонија во Европската Унија. Координатор. Проект финансиран од Министерството за развој и УНДП 2000.
- Пензионото и здраственото осигурување во буџетската потрошувачка. Меѓународен неучен собир, Албена, Бугарија. 2000.
- Финансирање на извозот на Република Македонија. Научен собир финансиран од ФЕ Фондацијата. 2000. Рефератите и дискусиите се објавени.
- Финансиски потенцијали и проблеми на претпријатијата во пост приватизицаиониот период. Економски инстутут-Скопје. 2001.
- Макроекономската политика и намалувањето на сиромаштијата. Економски институт-Скопје. 2001.
- Партиципацијата во економијата и бизнисот. Научен собир финансиран од ФЕ Фондацијата. 2001.
- Макроекономски последици на воените дејствија. Научен собир финансиран од ФЕ Фондацијата. 2001. Рефератите и дискусиите се објавени.
- Финансиски систем за одржлив развој. УНДП. 2003.
- Инвестициите во македонската економија. Екномски институт-Скопје. 2003.
- Микрофинансирање на МСП. Економски институт-Скопје. 2003.
- Начни на подигање на капитал за МСП. Економски институт-Скопје. 2003.
- Напред или назад. Равоји на МСП. Институт за отворено општество Македонија. 2004.
- Економска оценка на проекти предложени до Министертвото за образовение и наука. Економски институт-Скопје. 2005.

- Финансирање на МСП. Научен собир „Претприемништвото во Република Македонија", Економски институт-Скопје 2007..
- Банкарско кредитирање и алтернативни форми на финансирање. Економски институт-Скопје. 2007.
- Стратегија за развој на текстилната индустрија на Република Македонија. Раководител и носител на делот за финансиските аспекти. Економски институт-Скопје. 2006/2007.
- Фискална и монетарна политика. Проект "Мониторинг на лидерство". Институт ОХРИД, 2009 и 2010.

*б) Меѓународни проекти*
- Doing Business in Your Country. Programme financed by the European Union. Technological Education Institute of Piraeus, Athens, Greece, 1999-2002.
- Bank economy. Program for promotion of the banking sector financed by the Government of the Federal Republic of Germany within the Pact of Stability and Association, 2000-2005.
- Services in the Republic of Macedonia. Coordinator. Project financed by OECD. 2003.
- International Management. TEMPUS Project. 2004.
- Self-employment with your own business. CARDS Project No.02MACo1/11 (T1) 004. 2004/2005.
- Enabling environment for business in the Republic of Macedonia. Financial sector. Co-coordinator. USAID-Project, 2005.
- Develop voucher system for provision of consultancy services to SME's (3.v). EAR Project. 2005.
- Human Resources Development Fund for Enterprises. EAR Project, 2005-2006.
- Valuation of the Voucher System – Pilot phase. EAR Project, 2006.
- Стратегија за развој на градежништвото во Црна Гора (макроекономски аспекти). 2009.

*2.2. Наставна активност*

Професор на Факултетот за бизнис економија –Скопје (ФБЕ) на група предметиод обласа на финансиите.

*2.3. Обуки и тренинзи*

- Изведени повеќе обуки во областа на банкатсовото и финансиите во рамки на проектот "Банкарска економија" со Економскиот институт-Скопје и Центарот за банкарсво и финансии-Скопје.
- Учество во организацијата и изведбата на повеќе обуки од областа на финансиите, менаџментот, развојот на МСП и други.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Според Законот за високото образование и Статутот на Високата стручна школа „Факултет за бизнис економија", како и од покажаните резултати во наставно-образовната, научноистражувачката дејност и апликативната дејност, Комисијата констатира дека се евидентни резултатите на кандидатот д-р Благоја Наневски.

Согласно Правилникот за критериуми и постапка за избор во наставни и соработнички звања на ВСШ „Факултет за бизнис економија“, кандидатот д-р Благоја Наневски ги има остварено следниве поени кои се однесуваат на целокупната активност (НО+НИ +САОР):
– наставно-образовна (НО) = 50;
– научноистражувачка (НИ) =70;
– стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) = 30;
– вкупна актива (НО+НИ +САОР): = 150 поени.

Според Правилникот за критериуми и постапка за избор во наставни и соработнички звања на ВСШ „Факултет за бизнис економија“, кандидатот проф. д-р Благоја Наневски ги исполнува критериумите за избор во наставно звање професор во областа “КОРПОРАТИВНИ ФИНАНСИИ”, “ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ И ИНСТИТУЦИИ“, “ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ПОРТФОЛИО АНЛИЗИ“ и “БАНКАРСТВО“.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Весна Стојанова– претседател, с.р.

Проф. д-р Благоја Наневски – член, с.р.

Проф. д-р Агис Шајноски – член, с.р.